# Извештај за работата на Одржливи иницијативи Скопје во 2021 година

## Активности

### Скриените музеи на Скопје

Целта на проектот Велосипедска, културна прошетка „Скриените музеи на Скопје“ е промоција на културни установи, како и заштитени и други културни добра на територијата на Град Скопје, како и во околината, кои не и се толку познати на јавноста но и на туристите. Тоа ќе го постигнеме преку креирање и промоција на електронски водена (само-водечка), велосипедска, културна тура.

Изработивме две самоводечки тури. Една за централно градско подрачје и уште една за околината на Скопје.

На промотивниот настан одржан на ден 02.10.2021, поради корона протоколите учесниците се ограничија по 10 учесници за секоја тура



Аудио-турите кои се изработеа се достапни на платформата https://izi.travel/.



Проектот е спроведуван во соработка со Музеј на Град Скопје.




Буџет: 160.000,00 денари. Извор на финансирање: Министерство за култура и Град Скопје.

**Здружение на граѓани**
**Центар за**
**одржливи иницијативи - Скопје**

## Човечки капацитети

| Човечки капацитет | |
|---|---|
| доброволци | членови |
| 25 | 33 |



**Социјален велосипедски центар „Педала“**

Добивме благодарница од Проект Среќа.


БЛАГОДАРНИЦА

Во време на глобална криза и пандемија, општествената одговорност е неопходна за надминување на сиромаштијата која 2020 ја донесе со себе.
Ви благодариме што бевте херои за децата и семејствата на кои им беше потребна наша поддршка.

Кристина Арангудова Петровски
претседател на здружение за хумано општествен развој
Проект Среќа

Во текот на 2021 година активностите поврзани со Социјалниот велосипедски центар „Педала“ се намалија. Поради што донесовме одлука да ги паузираме активноситете се додека не се воспостават услови и можности да се рестартира центарот.

**Столарска едукативна работилница за намалување на отпадот од мебел индустријата во Скопје**

Во 2021 ни беше одобрен проект од страна на ГЕФ ПМГ СМ кој ќе се спроведува во текот на 2022 и 2023 година.

Главната цел на овој проект е промовирање социјално-одговорни и еколошки практики во столарството кои ќе водат кон намалување на отпадот од мебел индустрија, преку создавање на Столарски едукативен центар.



Буџет: 51.314,00 УСД. Извор на финансирање: Глобален еколошки фонд Програма за мали грантови Северна Македонија (30611 УСД).

**Финансии**

Приходите кои ги оствари ЦОИ во текот на 2021 година беа пред се од донации и членарина.







